# КОН ОДРЖЛИВИОТ ГРАД

ACT 4 CITY

предизвици и препораки

# КОН ОДРЖЛИВИОТ ГРАД **предизвици и препораки**

Одржливоста на просторот, културните изрази, градовите, секторите и целото општество се повеќе се среќаваат како тема и во нашите простори. Проектот Act4City се занимава токму со прашањето за ангажираноста и улогата на независните културни организации и граѓаните/ките во јавните размислувања и придонеси за градот кој е одржлив. При занимавањето со темата за одржлив развој на територијата на поранешните југословенски републики (кои не треба да се земат како исклучок), забележавме дека начинот на кој оваа тема се воведува е опкружен со многу проблеми на кои е важно да се укаже. Токму овој краток вовед се занимава со овие проблеми и недоволното разбирање на прашањата за одржлив град, додека во вториот дел на овој документ се нудат препораки за различните засегнати страни (носители на одлуки, организации во областа на културата и уметноста, научни и образовни организации и донатори), базирани на искуствата набрани токму за времетраењето на проектот Act4City.

## ПРЕДИЗВИЦИ ВО ГРАДЕЊЕТО НА ОДРЖЛИВИОТ ГРАД

Во контекст на одржливиот развој, од самото создавање на овој термин, *клучна улога игра економската политика* која треба пред се да обезбеде постојан прилив на инвестиции и добра клима за инвестирање, која подразбира можност за постигнување на високи стапки на профит преку корисно искористување на природните ресурси и достапната, квалификувана и евтина работна сила. *Социјалните, културните и еколошките прашања во контекст на одржливиот развој, а пред се достапноста на јавните добра, објекти и услуги се наоѓаат во втор план.*

*Како резултат на тоа, инвеститорите и нивните интереси по правило се земаат како позначајни од интересите на група граѓани, граѓанските организации и одржливоста на природните процеси*; тие имаат привилегиран пристап до местата на донесување одлуки; може значајно да ја менуваат постоечката законска регулатива или да ги избегнат последиците за непочитување на истата, а секое спротивставување се толкува како спротивставување на инвестициите и економскиот развој.

Многу политичари го игнорираат фактот дека раководат со јавни добра кои не им припаѓаат, па оттука и процесите на донесување одлуки не ги спроведуваат транспарентно и во нив ги фаворизираат интересите на нивните поддржувачи. Јавни расправи, јавни конкурси и други форми на учество на јавноста во процесот на донесување одлуки се изигруваат. Со ова *се креираат затворени и приватизирани простори на одлучување кои се во полза на интересите на најмоќните членови (глобално) на општеството со што се овозможува присвојување на јавни добра*.

Експертски комисии се формираат за да се укаже на почитувањето на процедурите, но тие најчесто се корумпирани или недоволно професионални. Дури и кога тоа не е случај, *тесно-стручниот, партикуларен поглед врз развојот кој таквите комисии го фаворизираат не ја признава разновидноста и сеопфатноста на структурните проблеми и ги промовираат едно-димензионалните решенија*.

Во исто време, *културните институции во нашиот регион се затворени во тесно дефинирано поле на култура и уметност кое има за задача да не крева многу прав*, да го

исполни слободното време со прифатливи содржини и на самите актери во областа на културата и уметноста да им го обезбеди минимумот потребен за преживување. Во нивните програми нема  започнување на пошироки прашања за одржливоста на градовите и за начинот на кој живееме, работиме, трошие и создаваме.

Областа на културата и уметноста се уште се сфаќа себе како целосно одделена од прашањата за природата и *културните содржини ретко се анализираат и проблематизираат преку различните начини на однесување кон природата низ историјата и културата, како и различните начини на кои природата ја обликувала културата*.

*Најчесто, во потрагата по добри пракси во урбанизот, заштитата, архитектурата, енергетиката, екологијата и другите области од значење за развојот се гледа кон Запад, и покрај фактот дека југословенското наследство е многу интересно од аспектот на одржливиот развој*. Како резултат на тоа, голем број на нови еколошки, младински и активистички организации не соработуваат со аматерски организации, синдикати, извидници, планинари и други кои се основани пред неколку децении, а кои се уште имаат членство, вредно искуство и некои ресурси кои можат да бидат здружани.

Во голем број на активистички и ангажирани проекти врежена е идејата за летаргичност на граѓаните која се зема како карактеристика и со тоа дополнително го обесхрабрува секој обид за промена. *Разликите меѓу граѓаните и начините на создавање и задоволување на нивните исто така различни потреби не се земаат во предвид и се толкуваат премногу стереотипно и упростено*.

Како  резултат на сето ова, *наместо темелни решенија, често се произведуваат привремени и површни интервенции, кои повеќе претставуваат обид за санирање на длабоки рани и скршеници со лепење на фластери*. Фластерите очигледно не го решаваат проблемот, туку само создаваат чувство дека нешто се прави. Во исто време, процесот на сериозна рефлексија, анализи, дебати и промени се одложуваат за некое подобро утре.

Затоа, во препораките кои следат, се нагласува потребата прашањата за одржлив развојот на градовите да *се поставуват така да ги вклучат размислувањата за некои од фундаменталните прашања на организација на општеството, економијата и културата; да се креираат простори и ресурси за да се бараат одговори; и во потрага по одговорите на овие прашања да се вклучени што поширок круг на граѓани и граѓанки* од сите слоеви, социјални статуси, стекнато образование и животните искуства.

Под претпоставка дека за создавање на различни урбани политики треба да учествуваат различни засегнати страни, препораките се групирани во четири групи, наспроти некои од клучните чинители кои учествуваат во јавното одлучување, застапување и промоција на идејата за одржливост на урбаниот развој.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Confederation
EUROPEAN CULTURAL FOUNDATION
bac balkansarts&culturefund

**ACT4CITY - Independent cultural actors towards sustainable Balkan cities** е проект кој промовира пристап на одржливост на градовите преку заеднички едукативни, уметнички и активности на јавно застапување. Проектот го реализираат Експедицио, Котор, МЕ; Министерство за простор, Белград, РС; Градска Креативна Мрежа, Скопје, МК; Уметничка работилница Лазарети, Дубровник, ХР. The project ACT4CITY is funded by **Balkan Arts and Culture Fund BAC**. BAC is supported by the Swiss Government through the **Swiss Agency for Development and Cooperation (SDC)** and the **European Cultural Foundation (EFC)**.

## ПРЕПОРАКИ ЗА АКТЕРИТЕ/КИТЕ КОИ СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ОБЛИКУВАЊЕТО НА ГРАДОВИТЕ

***А. Претставници на власта / носители на одлуки***

Во контекст на горе споменатото разбирање на одржливиот град и улогата на културните актери во оваа област, проектот Act4City формулира седум клучни насоки за носителите на одлуки кои управуваат со развојот на градовите и распределбата на јавните ресурси во нив:

1. Прашањата на развојот на градовите се сложени и важно е во потрага по одговорите да учествуваат различни групи и поединци, со цел да се собере широк спектар на знаење. *Работните тела и комисиите затоа треба да бидат интердисциплинарни, отворени, динамички и во клучните фази да собираат што поширок спектар на мислења со цел да се постигне најдобро решение*.

2. *Меѓусекторската соработка е од суштинско значење во политиките на одржливите градови*. Затоа е важно учество на актерите од областа на културата и уметноста во широк спектар на прашања од значење за градот, како што се урбанистичкото планирање, образованието, економијата, а исто така во прашањата за културата и уметноста, кои се вклучени во политиките на градот треба да се вклучат и други струки - планери, инженери за заштита на животната средина, економисти, педагози, социјални работници и други.

3. Одржлив град е град каде што различните актери можат да ги изразат своите потреби, интереси и решенија и важно е *да се создаде простор за поширок спектар на консултации, средби и дискусии во процесот на донесување одлуки*. Јавните расправи не треба да бидат последен чекор пред донесување на некое решение, и проектите кои се одобруваат и спроведуваат со јавните средства треба да бидат транспарентни и образложени.

4. Треба *да се поттикнуваат граѓанските организации и институции во областа на културата и уметноста, а и пошироко, да го следат процесот на донесување одлуки и да се вклучени во нив така што своите програми, активности и интервенции ќе ги насочат кон осветлување на актуелните прашања* кои се од значење за граѓаните и граѓанките.

5. Културните политики на градовите и механизмите за финансирање на организациите и институциите од областа на културата, треба *да го поттикнуваат создавањето на културни содржини и пракси кои поставуваат актуелни прашања од јавно значење, кои нудат можни одговори и различни начини на гледање* на квалитетот на живот, односот кон природата, социјалната положба и економската политика.

6. Исто така, културните политики треба *да ги формулираат механизмите за поддршка на организациите од областа на културата и уметноста кон соработка со другите сектори и особено да ги вреднуваат експериментите* кои водат кон нови решенија за градовите.

7. Потребно е постојано да се градат капацитетите на институциите и независните актери во културата за решавање на прашања на одржливи градови и граѓански активизам, и важно е *механизмите за финансирање да не поддржуваат само одредени краткорочни проекти, туку и долгорочни програми и простори* за средби.

***Б. Независни актери во културата***

Во потрага по простор за активните граѓани и граѓанки и независните актери во културата, проектот Act4City се држеше кон идејата дека е важно проблематиката за управување со општеството да не се гледа само како експертско прашањето за заштита на животинските и растителните видови, производството на енергија и рециклирањето, управувањето со каматните стапки, просторното планирање, изградбата и уредувањето на законите, туку и како прашање за заедничкиот живот на луѓето, машините, растенијата, животните и неживата материја на планетата. Токму во разгледувањето на овие односи и прашањата, организациите во културата и уметноста може да обезбедат важен придонес и тоа на следните начини:

1. Во борбата за одржливи градови, актерите во културата треба да ги проблематизираат идеите за културата како изолирано, несомнено и општо добро, да настојуваат *културните содржини да нудат одговори на актуелни прашања од значење за јавноста и да понудат различни начини на гледање на реалноста, на односот помеѓу културата и природата и квалитетот на живот* од најдостапните глобални или традиционални културни содржини. Затоа, важно е овие актери да ги следат јавните дебати и да нудат алтернативни простори за активно учество на граѓаните/ките од различни профили и изразување на различни ставови и мислења.
2. Независните актери во културата се почесто се на првата линијата на експериментирање во доменот на нови форми на политичност. Иако многу од просторите за ангажираност и политичност се стеснети, актерите во областа на културата и уметноста треба да ја користат својата општествена положба за *да создаваат микро простори за политичност на граѓаните и гаѓанките преку ангажирани уметнички содржини, граѓанско учество во процесот на продукција на културните содржини и интервенции во јавниот простор*.
3. *Борбата за одржлив град мора да биде меѓусекторска и меѓуресорска, за што е неопходен простор за дијалог и заедничко размислување за алтернативен развој* на градовите со граѓаните/ките, политичарите, еколозите, економистите и другите професионалци. Ова не значи отфрлање на специфичните експертизи, туку одбрана на јавниот интерес и просторот за јавна дебата од затворање во тесни кругови на експерти од било која ориентација.
4. Во дебатите за одржлив град и *во потрагата по политики за одржливост*, актерите од областа на културата и уметноста треба *да ги прошират географските и временските рамки и надвор од модерните западни општества*, и да истражуваат и да го внесуваат во јавниот простор наследство од југословенскиот период, како и еколошките, социјалните и економските политики на воневропските простори како можна инспирација.
5. При застапување на транспарентни и одговорни јавни политики, независните организации треба и самите *да придонесат за климата на отвореност и транспарентност, така што за своите извори и начини на собирање средства ќе бидат поотворени*.

***Ц. Донатори***

Странските донатори се важен фактор за да се поттикнат не само индивидуалните проекти, туку и одржувањето на цели организации врз чија работа нивните агенди имаат големо влијание. Затоа:

1. Странските донатори треба *да одговараат на специфичностите на национално и локално ниво, како и да ги подджуваат и зајакнуваат иницијативите кои веќе постојат*. Донаторските политики треба да создаваат точка на соработка помеѓу еколошките организации од времето на Југославија (планинарски клубови, горски служби, младински

движења) и новоформираните невладини организации од областа на екологијата, урбаниот развој, културата и др.

2. Со оглед на тоа дека прашањето за одржлив град се однесува на еколошките, економските, социјалните, културните и другите политики и бара интегриран пристап кон јавните политики, донаторската политика и механизмите за поддршка би требало *да поттикнуваат меѓусекторската и меѓуресорската соработка, средби на различни експертизи, како и граѓански експертизи* во иницијативи и решенија за одржлив град.

3. Донаторските политики и механизми за поддршка треба да го поттикнуваат вклучувањето на одржливиот развој како приоритет во сите области на јавното планирање и развојот на градовите: со економски, социјални, урбанистички, еколошки, образовни, културни и други политики.

4. За разгледување на алтернативите и доаѓање до конкретни решенија и промени во управувањето со градот кон одржлив град, потребно е донароските политики да ја препознаат *важноста на проектите и иницијативите кои имаат експериментална и пионерска компонента и кои пилотираат пракси и процеси* кои потенцијално би можеле да представуваат долгорочно системско решение.

5. При поттикнување на актерите кои се занимаваат со одржливост на градовите и ангажирање на граѓаните/ките, значајно е донаторите, покрај експерименти и проектно финансирање, да ја препознаат *неопходноста за поддршка на долгорочни програми и јавни простори кои овозможуваат континуитет во дејствувањето за јавно добро*.

6. Конечно, со цел да се иновираат праксите за управување со градот, потребно е донаторските политики, покрај поттикнувањето на активностите во пракса, да ја препознаат и *важноста на деталните и сеопфатните истражувања на досегашните пракси, кои водат до препораки за идните активности и политики засновани на факти*.

### *Д. Научно - образовни институции и организации*

Како организациите кои се фокусирани на создавање на ново и циркулирање на постоечко знаење, научните и образовни институции играат важна улога не само во создавањето на одговорни и свесни стручњаци, туку и во обликувањето на јавните дебати по одредени теми. Оттука, важно е овие институции да придонесат за одржливоста на градовите на следните начини:

1. Во образовните програми мора да бидат присутни интердисциплинарните погледи на прашањата за развојот на градот. Без оглед дали овие институции едуцираат архитекти, урбанисти, еколози, социолози, уметници, новинари или економисти, важно е *сите струки да бидат запознаени со клучните придонеси на својата струка по прашањата за одржливост, како и клучните погледи на другите струки по истите прашања*. Затоа се предлагаат интердисциплинарни семинари, работилници, летни и зимски кампови и други наставни и вонанаставни активности посветени на прашањата за одржлив развој на градовите.

2. Во истражувањата за одржлив развој, *од големо значење е при барањето на решенија, да не се занемаруваат прашањата за причините за проблемите, историјата на развојот на идеите и социјалните и политички односи кои стојат зад некои идеи*, за да не биде решението козметичко и да прионесе кон долгорочно одржување на статус кво.

3. *Југословенското и светското (вон-европското) наследство и искуство во областа на одржливиот развој мора да заземе поистакнато место во истражувачките и образовните програми*, бидејќи претставува извонредно вредно искуство во потрага за решенија за одржлив развој, како и негативните последици од некои применети решенија кои се помалку видливи во најразвиените земји.